**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Драган Кочовски**
**именуван за подрачјето**
**на Основниот суд**
**Велес, Гевгелија, Кавадарци и Неготино**
**ул.Гоце Делчев бр. 26**
**тел. 043 221-008 izvrsitelkocovski@yahoo.com**

**Образец бр.66**

**И.бр. 131/2019**

Извршителот Драган Кочовски од Велес, ул.Гоце Делчев бр. 26 врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје од Скопје со ЕДБ 4030993261735 и ЕМБС 4558669 и седиште на ул.,,Македонија,, бр.9-11, кој врз основа на Солемизиран Договор за отстапување на побарување со надомест ОДУ.бр.520/21 на Нотар Звонимир Јованов од Велес го отстапува своето побарување на лицето Зоран Љутков од Велес со живеалиште на ул. Партение Зографски бр.18 во Велес, засновано на извршната исправа ОДУ.бр.284/10 од 01.09.2010 година на Нотар Славјанка Андреева Велес, против заложен должник Друштво за обработка на тутун ВЕЛЕС ТАБАК АД експорт-импорт Велес во стечај од Велес со ЕМБС 4024117 и седиште на ул. Алексо Демниевски - Бауман бр.63 ( побарување со право на одвоено намирување – разлачно право), за спроведување на извршување на ден 22.09.2021 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како:

Недвижност запишана во имотен лист бр.54 за КО Велес при АКН Велес со следните ознаки:

-Парцела 1094, адреса А.Демниев 63, број на зграда 11, намена на зграда – згради во индустрија и рудар, вл.1, кат 01, собност 1, материјал на градба 893/939 со внатрешна површина од 893,00 м2, основ на градба 1 и право на недвижност 831;

-Парцела 1094, адреса А.Демниев 63, број на зграда 11, намена на зграда – згради во индустрија и рудар, вл.1, кат ПР, собност 2, материјал на градба 893/939 со внатрешна површина од 893,00 м2, основ на градба 1 и право на недвижност 831,

сопственост на заложен должник **Друштво за откуп на тутун Велес Табак АД Велес во стечај,**

која недвижност се наоѓа на земјиште:

- КП1094, викано место Алексо Демниев скица 136, катастарска култура гз со површина од 1.008,00 м2 и КП1094, викано место Алексо Демниев скица 136, катастарска култура гиз со површина од 19.691,00 м2 сопственост на Република Северна Македонија а корисник е **Друштво за откуп на тутун Велес Табак АД Велес во стечај**,

Продажбата ќе се одржи на ден 18.10.2021 година во 10,00 часот во просториите на ул.Гоце Делчев бр. 26 – канцеларија на Извршител Драган Кочовски.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот Драган Кочовски, изнесува 22.937.615,00 денари, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 300270000050026 која се води кај Комерцијална банка АД и даночен број 5004006114796 најдоцна до 14.10.2021 год.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 (петнаесет ) дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање: дневен весник Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Драган Кочовски

Д.-на: доверител
должник
Град Велес - Сектор за финансии
Одделение за наплата на даноци,
такси и други надоместоци

22.09.2021

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВЕЛЕС ГЕВГЕЛИЈА КАВАДАРЦИ И НЕГОТИНО ИЗВРШИТЕЛ ДРАГАН КОЧОВСКИ

X

**Правна поука:** Против овој налог може да се поднесе приговор до Основниот суд согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.